# ЗНМ бара УЈП веднаш да ја деблокира сметката на МРТ

03.03.2016 | 11:17 Македонија Прочитано: 680

Блокирањето на сметката на МРТ од страна на УЈП претставува дрзок упад на владата врз институционалната автономија на јавниот сервис и е смислен притисок на власта за да го дисциплинира јавниот сервис и да влијае на начинот на известување во пресрет на предвремените избори, реагира Здружението на новинари на Македонија.

„Ваквите притисоци треба да го оневозможат јавниот сервис да обезбеди еднакво медиумско претставување на сите учесници во изборниот процес. Апсурдно е УЈП да глуми финансиска дисциплина и да ја обвинува МРТ за неплаќање на даноците кога самата Управа не е во состојба да ја наплати радиодифузната такса, што е основен извор на финансирање за јавниот сервис.

Место да ја блокира сметката на МРТ, УЈП треба да и објасни на јавноста зошто досега не ја исполнува законската обврска и во целост не ја наплати таксата“, соопшти ЗНМ.

Од ЗНМ велат дека повикот на Владата, УЈП и МРТ да се спогодат околу наплатата на даноците е чисто лицемерие, кога владините партии не дозволуваат да се постигне решение за стабилно финансирањето на јавниот сервис.

„Бараме УЈП веднаш да ја деблокира сметката на МРТ и сериозно да се заложи за наплата на радиодифузната такса и да се обезбеди нормална работа на јавниот сервис“, порачуваат од ЗНМ.

G+1 0 Tweet

Име:

Анонимен

Коментар: *







Вечните министри од ДУИ вечно на државен грб: По

ДИК продолжува со работа за чистење на

ОМД: Името и Пржино немаат ништо заедничко

Финансиска полиција во „Мост“

Врнежливо и пад на температурите за вре